Извештај со резултати – подрачје 2. Постигнувања на учениците

Нашето училиште промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Постигнувањата на учениците се подобруваат преку нивно систематско следење, организирање на дополнителна и додатна настава,користење на разновидни извори на информации,дополнителни матријали, интернет,енциклопедии при предавање на нови наставни содржини. При реализацијата на наставата се користат разновидни аудио визуелни помагала: компјутери,ТВ,ЛЦД проектор и др. за квалитетно и полесно совладување на наставните содржини од страна на учениците.
Учениците ќе ги подобрат постигањата ако ги следат препораките од наставниците,а уште повеќе ако и нивните родители повеќе соработуваат со наставниците и ги следат нивните препораки.

Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување.

Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата,нивните родители се повикуваат на консултативен разговор.Ако и тоа не вроди со плод,тогаш родителите се упатуваат на советување.
Училиштето има систем на идентификација на ученици со потешкотии во учењето (евидентни листови, разговори со ученици и родители).

Одделенскиот раководител и сите предметни наставници ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето при вршење на анализа на воспитно –образовните резултати на одделението и се врши идентификување на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини.По одредени наставни предмети,за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии се организира дополнителна настава. Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај педагошко – психолошката служба на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат материјалот.

Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот.Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава.

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции ако има потреба.Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со овие деца како би се направила што подобра клима за нивна инклузија. Дефектологот изготвува ИОП(индивидуални образовни планови) за учениците во соработка со наставниците. Во нашето училиште има три ученици со наод и мислење кои се инклузирани во редовната настава.

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа, ИКТ, интернет, компјутери, истражување на интернет, изработки на презентации,формативното оценување и сл.
Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава од страна на наставниците кои имаат изготвено програма, распоред. Исто така училиштето реализира додатна настава во текот на целата учебна година со изготвен распоред и програма за работа за кои покажуваат значителни резултати во определени области.Од дополнителната настава кај учениците се подобрува успехот.А во додатната настава учениците кои посебно се истакнуваат се спремаат за учество на натпревари

општински,регионални и државни.Нашето училиште учествува во натпреварите кои се организираат по одредени предмети и резултатите се на високо ниво со добиени награди на државни натпревари.

**Јаки страни** :

- Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информирани за постигањата на нивните деца.
- Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални идржавни) каде што постигнуваат високи резултати.
- Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.

**Слаби страни :**

- Мотивираноста на учениците е во раст, но сè уште не е на посакуваното ниво.
- Мал дел од родителите доволно не соработуваат со одделенскиот и раководителот на паралелката, стручната служба и докрај не ги изнесуваат проблемите на своите деца (затвореност за потешкотиите и проблемите)

**Приоритет:**

- Мотивирање на родителите на учениците за поголема соработка со училиштето во поглед на следењето на постигањата.

**Координатор на тимот**

-------------------------------

**/пред. наставник Гоце Кузевски/**

## ИЗВЕШТАЈ СО РЕЗУЛТАТИ

**од извршената самоевалуацијата ноември – декември 2018 год.**
**Подрачје бр.3**

**<u>НАСТАВА И УЧЕЊЕ</u>**

**Тим за самоевалуација на училиштето – подрачје број 3**

1. **м-р Анета Соклевска - одговорен наставник**
2. **Олгица Соклевска**

1. **Александра Петровска**
2. **Славјанка Христова**
3. **Славица Вршковска Талевска**
4. **Елена Талевска**

Тимот кој што работеше на самоевалуацијата на подрачјето Настава и учење, раководејќи се според различните извори на информации, собраните податоци, статистичкиот извештај и наративниот извештај, клучните индикатори за квалитет од ова подрачје:

- Планирање на наставата
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на потребите на учениците
- Оценувањето како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците,

ги оцени со описната оцена многу добро.

Од активностите произлегоа клучни јаки страни од ова подрачје, како: планирањата на наставниците, размената на искуства помеѓу наставниците, користењето на разновидни наставни форми , методи ,различни стилови на учење соодветни за напредокот на

учениците, непостоењето на родова и етничка поделеност во училиштето, грижата за образовните потреби на секој ученик, транспарентното оценување на учениците, утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и др.

Детектирањето на клучните слаби страни (како:реализација на отворени часови, соработката на наставниот кадар со стручната служба, поголема вклученост на учениците во самооценувањето, поголемо вклучување на учениците и родителите во решавањето на некои проблеми или донесување на некои одлуки, подобрување на условите за примена на ИКТ на часовите ) беше појдовна точка за извлекувањето на приоритетните аспекти на кои треба да се насочат активностите за да се подобри, односно задржи нивото на ова подрачје:

- Подобрување на соработката на ниво наставник – стручна служба.
- Поголемо учество на родителите и учениците при решавањето на некои проблеми и донесувањето на некои одлуки во корист на нашето училиште.
- Подобрување на условите за употреба на ИКТ на часовите и другите активности
- Потреба од мобилен логопед во училиштето.
- Изнаоѓање нови пристапи за поголема заинтересираност и соработка со родителите на послабите по успех и проблематични со дисциплина ученици.
- Стимулација, одржување и усовршување на размената на искуствата и информациите при изготвување на планирањата.

**Координатор на тимот**

Соклевска

**/одд. наставник м-р Анета Соклевска/**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · Општинско основно училиште „ДУМБАРКОВСКИ СЛАВКО" · НОВАЦИ

**Извештај со резултати од извршената самоевалуација ноември – декември 2018 год.**

**Подрачје 4 – Поддршка на ученици**

**Индикатори за квалитет во ова подрачје се следните:**

Севкупна грижа на учениците, здравје, советодавна помош за понатамошно образование на учениците и следење на напредноста кај учениците.

Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Училиштето има кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето. Одговорни и дежурни наставници се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците за време на одморите. За спречување на насилничко однесување и справување со конфликтите, стручната служба има изготвено Годишна програма, преку која се оддржуваат работилници наменети за сите ученици во училиштето. Дефектологот во соработка со наставниците и родителите на учениците со поп изготвува индивидуален образовен план според способностите и можностите на учениците.

Во текот на учебната година се реализираат еколошки работилници и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Во соработка со Центар за јавно здравје се реализираат работилници за можни заразни болести и нивно спречување.

За изборот на понатамошното образование, училиштето ги информира учениците за мрежата на средни училишта во државата и условите за упис во истите. Им овозможува и директна средба со професори од други училишта кои вршат презентација на своите училишта. Се врши и тестирање на учениците од деветто одделение од страна на Агенцијата за вработување за идните интереси и способности.

Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења, присутност, нивното поведение и евиденција на изречни воспитни мерки. Одделенските наставници на крајот на секое полугодие поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целото одделение и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците.

**ЈАКИ СТРАНИ**

Во училиштето има План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари и поплави со кои се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди и пожар. Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците. Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на насилно однесување и во случај на поднесување поплаки

училиштето реагира навремено. Советодавна работа со ученици кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, реализираат психологот и педагогот. Училиштето се грижи за одржување на хигиената во него. Во случај на појава на заразна болест, училиштето спроведува процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има прилагоден пристап за лицата со телесни пречки.

**СЛАБИ СТРАНИ**

Поголема вклученост на родителите во работилниците кои се реализираат за насилничко однесување, информирање и спречување на заразни болести. Спортска опрема и простор за изведување на спортски активности за учениците со посебни потреби. Поголема хигиена во тоалетите на учениците.

**Координатор на тимот**

---------------------------------

**/дефектолог Тамара Станческа/**

**Извештај со резултати од извршената Самоевалуација ноември – декември 2018 год.**
**Подрачје бр.5 : Училишна клима**

Училиштето има стекнато голем углед и е со голема традиција на квалитетна и успешна работа, а сите структури кои се вклучени во воспитно – образовниот процес се грижат за подобрување на угледот и имиџот на училиштето. Голем дел од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето и сметаат дека тоа е нивни втор дом, со што лично и одговорно ги преземаат обврските со цел да се подобри училишната клима.
Визијата и мисијата на училиштето се видливо и транспарентно поставени, како и кодексот на однесување за наставниците и учениците. Во изработката на училишниот кодекс се вклучени сите структури (директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и учениците), а е усвоен од Училишниот одбор. На тој начин наставниците и учениците се запознати со визијата и мисијата на училиштето, како и со содржината на училишниот кодекс и ги почитуваат.

Училиштето има одлична атмосфера за работа.Дисциплината во училиштето е многу добра, со постојана тенденција да се подобрува бидејќи вработените во училиштето постојано се грижат за безбедноста и дисциплината на учениците и постојано преземаат бројни активности за нивно подобрување. (индивидуални разговори, родителски средби, дискусии на часот Животни вештини и работилници). Во училиштето никогаш нема прекини во наставата поради недисциплина на одредени ученици. Родителите сметаат дека нивните деца се безбедни додека се на училиште.Учениците имаат еднакви можности да учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.

Училишниот кодекс не се почитува подеднакво од сите вработени.Родителите се делумно запознати со содржината на училишниот кодекс и сметаат дека се делумно информирани за успехот и поведението на учениците.Учениците сметаат дека треба да имаат поголема слобода за време на малите одмори.Соработката и професионалниот однос меѓу наставниците делумно задоволува.Учениците имаат амбиции да се истакнат со нивните постигања и успеси, а сите наставници редовно се трудат да ги промовираат и поттикнат индивидуалните успеси на учениците во рамките на училиштето. Учениците имаат еднакви можности да ги истакнат своите потенцијали преку воннаставни активности и слободни ученички активности.
Подеднакво се вклучени во промовирањето на постигањата на училиштето, но не учествуваат подеднакво во активностите на училиштето, а родителите сметаат дека нема доволно активности за промовирање на училиштето надвор од него, односно дека успесите на училиштето делумно се промовираат надвор од неговите рамки.

Училиштето има развиено систем за наградување на учениците кои постигнале успеси на регионално и национално ниво.Не се доволни заложбите на наставниците за промовирање на училиштето и сите наставници не се вложуваат максимално во својата работа.Не е доволна соработката меѓу наставниците при работата на проекти, работилници, обуки и промоции.Вработените во училиштето, учениците и родителите ги познаваат правата на децата.Во училиштето се негува еднаквоста и правичноста кон сите ученици. Тие имаат еднакви можности да напредуваат и сметаат дека во училиштето не постои дискриминација по ниедна основа.Во училиштето се негува и прифаќа мултикултурализмот, а се одржуваат и бројни активности со цел тој да се зајакне. Во тие активности се вклучени сите ученици, дел од наставниците и родителите. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите Етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и / или воннаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи.

Родителите не се доволно запознати со правата на децата, а наставниците не преземаат мерки да ги запознаат родителите со правата на децата.Родителите не се доволно вклучени во активностите со кои би се подобрил мултикултурализмот во училиштето.Сите наставници не се подеднакво вклучени во профаќањето и промовирањето на мултикултурализмот во училиштето.Училиштето презема бројни активности со цел родителите активно да се вклучат во работата на училиштето преку предавања на определена тема, работилници, проекти и промоции. Еден дел од родителите постојано се информира и се вклучува во работата на училиштето.

Училиштето редовно соработува со локалната заедница и заеднички се вклучени во

голем број проекти и активности. Вработените активно се вклучуваат во работата на заедницата и во голем број волонтерски и проектни активности кои ги организира локалната заедница. Локалната заедница секогаш му излегува во пресрет на училиштето при решавање на определени проблеми и секогаш вклучува волонтери при голем број активности на училиштето.

Родителите сметаат дека не се сите подеднакво вклучени во работата и активностите на училиштето и дека во овој поглед постои дискриминација на одредени родители наспроти истакнувањето на други. Недоволен број од нив самостојно и активно се вклучува во работата и вонаставните активности на училиштето. Не се доволно информирани за работата на училиштето, немаат соработка со невладиниот сектор. Училиштето недоволно ги активира сите родители во работата на училиштето.Сите наставници не соработуваат подеднакво со локалната заедница, а не пројавиле ни интерес и желба тоа да го прават. Соработката на училиштето и родителите со деловниот сектор и невладината заедница е многу мала.

**Јаки страни**

- ✓ Училиштето има критериуми за оценување на учениците
- ✓ Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето
- ✓ Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците
- ✓ Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците
- ✓ Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците
- ✓ Училиштето има одлична атмосфера за работа
- ✓ Дисциплината во училиштето е многу добра, со постојана тенденција да се подобрува
- ✓ Учениците имаат еднакви можности да учествуваат во решавањето проблеми
- ✓ Учениците имаат амбиции да се истакнат со нивните постигања и успеси
- ✓ Вработените во училиштето, учениците и родителите ги познаваат правата на децата
- ✓ Во училиштето се негува еднаквоста и правичноста кон сите ученици
- ✓ Во училииштето се негува и прифаќа мултикултурализмот
- ✓ Училиштето презема бројни активности со цел родителите активно да се вклучат во работата
- ✓ Училиштето редовно соработува со локалната заедница

**Слаби страни**

- ✓ Незадоволително е присуството на родителите на проблематичните и слаби ученици
- ✓ Училиштето да ги поттикнува и наградува учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех
- ✓ Соработката и професионалниот однос меѓу наставниците делумно задоволува
- Родителите се делумно запознати со содржината на училишниот кодекс
- Училишниот кодекс не се почитува подеднакво од сите вработени
- ✓ Не се доволни заложбите на наставниците за промовирање на училиштето
- ✓ Не е доволна соработката меѓу наставниците при работата на проекти, работилници и обуки
- ✓ Родителите не се доволно запознати со правата на децата и правата на наставниците
- ✓ Родителите не се доволно вклучени во активностите со кои би се подобрил мултикултурализмот

**Координатор на тимот**

М. Донев

/пред. наставник Мимоза Донев/

**Извештај со резултати од извршената самоевалвација ноември – декември 2018 год.**

**Подрачје 6. Ресурси**

**Теми:**

- ✓ Сместување и просторни капацитети
- ✓ Наставни средства и материјали
- ✓ Обезбедување на потребниот наставнички кадар
- ✓ Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар
- ✓ Финансиско работење во училиштето

## 1. Сместување и просторни капацитети

**Многу добро:**

ООУ „Славко Лумбарковски" е лоцирано во Општина Новаци. Во него се изведува настава од I – IX одд, додека во склоп на училиштето се и седум подрачни училишта во кои се одржува настава од I – V одд.
Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата. Училиштето располага со училници, наставничка канцеларија, административна просторија, просторија за дневен престој, библиотека, санитарни простории, просторија за помошен персонал, канцеларии за стручни соработници, спортска сала, повеќенаменско игралиште и училишен двор. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.
Според направените анкети поголем дел од родителите и учениците сметаат дека училиштето има соодветни и пријатни услови за одвивање на наставата.

**Делумно задоволува:**

Според направените анкети наставниците сметаат дека имаат делумно соодветен работен простор и опрема кои ги задоволуваат потребите за квалитетна работа.
Потребно е подобрување на хигиената во училиштето и санитарните простории.

## 2.Наставни средства и материјали

**Многу добро:**

Училиштето располага со нагледни средства по предмети и тоа: сет опреми по математика, физика, хемија, биологија и географија.
Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.
Училишната библиотека е добро подредена и отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден.

**Делумно задоволува:**

Училиштето не располага доволно со наставни средства и помагала за наставниците.
Библиотеката има потреба од набавка на лектирен фонд и останата литература.
Според анкетите учениците сметаат дека дел од наставниците не користат наставни средства и помагала и дека во училиштето нема доволно технички средства (компјутери, проектор, микроскопи, cd) со кои се олеснува учењето на учениците.

## 3.Обезбедување на потребниот наставнички кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.
Соработката со стручната служба ги задоволува потребите на наставниците.

**4.Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар**

**Многу добро:**

Работата на наставниците се следи од страна на директорот, педагогот и психологот преку посети на часови.
За вработените без работно искуство ( приправници ) се обезбедува ментор за помош и подршка за успешно воведување во работата и реализирање на работните задачи.
На наставниците им е овозможено стручно усовршување и интерни обуки.
Согласно потребите наставниците присуствуваат на семинари и обуки. Во училиштето се водат наставнички портфолија и професионални досиеја за директорот, сите наставници и стручни соработници. Во училиштето континуирано се планира и континуирано се следи професионалниот и кариерен развој на наставниот кадар, стручните соработници и директорот.

**Делумно задоволува:**

Наставниците имаат потреба од обука за работа со деца со посебни потреби и потешкотии во учењето.

**5.Финансиско работење во училиштето**

**Многу добро:**

Финансиските средства согласно потребите се распределуваат во централното и подрачните училишта.

**Делумно задоволува:**

Родителите сметаат дека добро е финансиското работење на училиштето е транспарентно.
Наставниците добро се запознаени со планирањето и трошењето на буџетот.

**Координатор на тимот**

---------------------------------

**/пред. наставник Марина Лавчанска/**

**Извештај со резултати од извршената самоевалвација ноември – декември 2018 год.**

**Подрачје бр.7 – Управување, раководење и креирање политика**

- **Управување со училиштето**

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Постои и деловник за работа на УО, во кој јасно се дефинирани надлежностите за управување и е изработен согласно статутот на училиштето.

УО работи согласно изготвена програма за работа. Состаноците се одржуваат редовно со мнозинство на членови на одборот. Директорот е редовно поканет и присутен на состаноците на УО што овозможува партнерски однос. УО соработува партнерски и со другите образовни структури. УО има уредно водена документација.

- **Раководење со училиштето**

Раководниот орган има јасна визија за работата на училиштето. Има партнерски однос, соработува и раководи со: наставниот кадар, стручните органи и тела, локалната средина, локалната самоуправа, владини и невладини организации. Преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства. Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата. Ги следи, организира и реализира промените поврзани со концепцијата за деветгодишното образование. Во соработка со БРО и МОН овозможува едукација на наставниот кадар. Своето работење го заснова на тимска работа со вклучување на сите субјекти во воспитно образовниот процес. Го следи наставниот процес преку посета на наставни часови и воннаставни активности.

Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.

Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Директорот го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

Одлуките што ги носи раководниот тим се во писмена форма, донесени од мнозинството членови присутни на состаноците, се евидентираат во Записничката книга од Наставнички и Одделенски совет, а потоа се истакнуваат на огласната табла, како би можеле вработените и родителите навреме да бидат информирани за прашањата што биле предмет на расправа.

**Јаки страни**

Училишниот одбор работи во согласност со Деловникот за работа, со јасно поставена визија и дадени приоритети во работата.

Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа со вклучување на вработените во процесот на развојни политики, планирање и обезбедување на квалитетот.

**Слаби страни**

Наставниците секогаш не работат како тим во рамките на стручите активи.
Недоволен број на интерни обуки од релевантни институции за професионален развој на наставниот кадар.

**Координатор на тимот**

---------------------------------

**/пред. наставник Вецко Стојчевски/**